*Родово одговорен буџетски форум 2023-2024*
*Општина Крива Паланка*
*IV форумска сесија*

# ЛИСТА

# СО ПРЕПОРАКИ ОД ГРАЃАНИТЕ ДО

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

*Крива Паланка*
*01 декември 2023 година*

**Почитувани ,**

**Ние граѓаните и граѓанките – учесници/ки на Буџетскиот Форум 2023 / 2024 за подготовка на родово одговорен буџет на Општина Крива Паланка, Ви ја доставуваме оваа листа со препораки до Вас (Градоначалникот и Советот на Општина Крива Паланка) како претставници на локалната Власт да ги имате во предвид сите наши граѓански идеи во тековните работи и идни планирања на Општина Крива Паланка и да ги рашавате во рамките на своите надлежности.**

**Листата ги содржи сите граѓански идеи и проблеми кои не влегоа односно останаа надвор од буџетските и програмски приоритети на општината и од оправдани причини неможеа да бидат вкучени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година, но можат да бидат патоказ за делување на локалната самоуправа во наредниот период и да бидат вклучени во нејзините идни стратешки и развојни планирања и документи.**

**Голем дел од препораките беа прифатливи за општината па се надеваме дека и некој и од нив дополнително ке влезат во буџетот и ќе бидат реализирани следната година, но и дека општината ке ги има предвид и при некој од своите идни планирања на буџетот.**

**ЛИСТА СО ПРЕПОРАКИ**
**ОД ГРАЃАНИТЕ ДО ОРГАНИТЕ НА ЕЛС КРИВА ПАЛАНКА**

## 1. Предлози по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација во Општина Крива Паланка за 2024 година

| | Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|
| 1. | Поставување светлосна сигнализација на критични места ( музеј, Шанин мост, кај Карчо и др). | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Ирена Белешковска | НЕ<br><br>Раскрсницата кај Карчо е под надлежност на ЈП ДП – ќе пуштиме барање за уредување<br><br>Во моментот согласно Законските прописи општината има изработено сообраќајни проекти но во истите не се предвидува светлосна сигнализација. |
| 2. | Проект за еднонасочен сообраќај на потег Соларски мост-НЛБ- хотел Турист. | Економски развој – Јорданчо Миневски | НЕ<br><br>Согласно ДУП тоа не е предвидено во моментот |

## 2. Предлози по Програмата за животна средина во Општина Крива Паланка за 2024 година

| | Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|
| 1. | Субвенции за секое домаќинство кое се грее на дрва, за купување на клима уред. | Јавни дејности – Михаела Јанковска | НЕ<br><br>Општината во моментот неможе да издвои средства за оваа намена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | Промена на концептот на собирање на отпад во централното градско подрачје. | Економски развој – Јорданчо Миневски | НЕ<br><br>Нема друга опција |

## 3. Предлози по Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2024 година

| | Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|
| 1. | Плацови за градба-куќа за млади. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Ирена Белешковска | Не<br><br>Ќе се фокусираме за донесувањ на ДУП во кој ќе има нови локации за плацови |
| 2. | Тораничка зграда-решение. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Ирена Белешковска | НЕ<br><br>Од урбанистички аспект тој детален план е во програмата за 2024<br><br>Но проблемот е од правен аспект-имотно правни односи, во стечајн апостапк асо повеќе од 110 доверители |
| 3. | Изградба на двонасочна улица кон гимназија со цел да се растерети сообраќајот. | Јавни дејности – Михаела Јанковска | НЕ<br><br>Станува збор за поголема инвестициона активност. истата ќе с ереализира во фази<br><br>1.Фаза с е планира регулација на Дурачка Река |
| 4. | Проширување на паркингот кај гимназија. | Јавни дејности – Михаела Јанковска | НЕ<br><br>Нема услови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Реконструкција на градскиот базен и пренамена во модерен затворен базен. | Јавни  дејности – Михаела Јанковска | Делумно<br><br>Издаен е на корисник,  1 фаза од корисникот треба да се реализира во 2024<br><br>Се плани а изработка на ДУП во кој ќе се предвиди маркица за затворен базен - 2025 |
| 6. | Салата позади мотел Македонија да се стави во функција на затворен базен. | Комунални дејности– Мери Стојановска | НЕ<br><br>За 2024 неможе да се планира пордаи нерешени правни работи |
| 7. | Дали постои ДУП за манастирскиот АН и мотел Македонија? | Култура–Мартин Додевски | НЕ<br><br>ДУП за Анот  нема<br><br>ЗА Мотел Македонија има<br><br>Ќе се планира во иднина |
| 8. | Ако нема предлог да се изработи. | Култура–Мартин Додевски | НЕ<br><br>ДУП за Анот  нема<br><br>ЗА Мотел Македонија има<br><br>Ќе се планира во иднина |

## **4. Предлози по Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спортот  за 2024 година**

| | Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|
| 1. | Пристапност за лица со попреченост во спортската сала | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Ирена Белешковска | НЕ<br>Потребно е прво да се изработи техничка документација |
| 2. | Поставување на отворени теретани на повеќе локации (8ми Октомври, населба Илинден, Баглак, Лозаново). | Јавни дејности – Михаела Јанковска | НЕ<br>има поставени две но во иднина ќе се размисли треба прво да се утврдат локации да се види со ДУП и сл. |
| 3. | Ослободување од партиципација на децата до 12 години кои тренираат спорт во училишните сали. | Комунални дејности –Мери Стојановска | НЕ<br>Не зависи од нас – спортскитеклубови се самостојни правни лица - организации |
| 4. | Покренување иницијатива за формирање на клуб Сениори во ПИНГ ПОНГ. | Култура– Сузана Стоилковска | НЕ<br>има два клуба<br>доколку има заинтересирани може да се формира но општината тука нема ингеренции |
| 5. | Искористување на спортските потенцијали, не само спортска инфраструктура. | Општинска администрација – Димитар Петровски | НЕ |

## 5. Предлози по Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2024 година

| | Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|
| 1. | Еднократна парична помош и за полуматурантите од социјално ранливи категории. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната | НЕ<br><br>За следната година, но ќе се размислува за во иднина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | средина – Наташа Колевска | |
| 2. | Игралиште за учениците со посебни потреби. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Наташа Колевска | НЕ<br>Но да се размислува за во иднина<br>( нова техничка документација) |
| 3. | Кантина во СОУ Ѓорче Петров. | Јавни дејности – Михаела Јанковска | НЕ<br>не е наша надлежност<br>( Министерство за образование и СОУ Ѓорче Петров,,) |
| 4. | Опремување простории за организирање практична настава за новововедените предмети. | Јавни дејности – Михаела Јанковска | НЕ<br>Немаме доволно информации ниту буџетски средства за следната година..но за предлогот вреди да се размисли во соработка со стручните лица од образованието и образовните институции, да се утврдат потребите и согласно потребите да ги направиме планирањата. |
| 5. | Стипендирање на учениците со одличен успех. | Јавни дејности – Михаела Јанковска | НЕ<br><br>Добар предлог но буџетот за следната година не го дозволува тоа но секако вреди да се размисли во иднина. |
| 6. | Воведување на бесплатно осигурување на децата до 18 години. | Јавни дејности – Михаела Јанковска | НЕ<br>Немамедоволно информации за предлогот , треба да се види колку буџетски средства се потребни па потоа да се носат одлуки. |
| 7. | Еднократна парична помош за учениците кои се запишуваат во прва година. | Јавни дејности – Михаела Јанковска | НЕ<br>Но вреди да се размисли, но во моментот буџетскитесредства не го дозволуваат тоа |
| 8. | Поддршка на студенти кои немаат услови да студираат на некои од државните | Комунални дејности –Мери Стојановска | НЕ<br>Но вреди да се размисли, но во моментот буџетскитесредства не |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | универзитети. | | го дозволуваат тоа |
| 9. | Субвенционирање на ученици од социјален ризик за матурски екскурзии. | Култура– Сузана Стоилковска | НЕ |
| 10. | Обуки за наставниот кадар и учениците за врсничко насилство, дискриминација... | Општинска администрација – Димитар Петровски | НЕ |

## 6. Предлози по Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2024 година

| | Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|
| 1. | Отворање Младински Културен Центар-изградба на соодветен простор (објект) за МКЦ. | Култура– Ѓорги Костовски | НЕ<br>Го подржуваме предлогот и е во долгорочните планирања на опшштината од поодамна но истиот ќе се реализира со обезбедување на донаторски средства во иднина. |
| 2. | Организирање младински фестивал. | Култура– Ѓорги Костовски | НЕ |
| 3. | Да се даде акцент на формирање на младински центар-да биде приоритет.<br>. | Економски развој – Јорданчо Миневски | НЕ<br>Го подржуваме предлогот и е во долгорочните планирања на опшштината од поодамна но истиот ќе се реализира со обезбедување на донаторски средства во иднина. |

## 7. Предлози по Програмата за социјална детска и здравствена заштита на Општина Крива Паланка за 2024 година

| | Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|
| 1. | Иницијатива – да се признае неплатениот стаж на работниците од поранешните работни организации. | Јавни дејности – Михаела Јанковска | Ненадлежност на општината<br>ЈА подржуваме иницијативата |
| 2. | Субвенционирање на комунални сметки на граѓаните со минимални примања. | Култура– Мартин Додевски | НЕ<br>Треба да се направи анализа колку би биле буџетски средства и колку би можело да изнесува тоа субвенционирање. |
| 3. | Субвенции за деца од ранливи категории за училишни екскурзии. | Економски развој – Јорданчо Миневски | НЕ<br>Треба да се направи анализа колку би биле буџетски средства и колку би можело да изнесува тоа субвенционирање |
| 4. | Инклузивно-сензорно игралиште за лица со посебни потреби. | Општинска администрација – Димитар Петровски | НЕ<br><br>Потребно е прво д асе изработи техничка документација, да се види колку тоа ќе чини п апотоа да го планираме во буџетот, вреди да серазмисли за следната година. |

## 8. <u>Предлози по Програма за економски развој во Општина Крива Паланка за 2024 година</u>

| | Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|
| **1.** | Финансиска поддршка за индивидуални земјоделци за производство и пласирање на земјоделските производи (инвестирање во систем капка по капка, конструкции за | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Марица Николовска | НЕ<br><br>да остане за наредна година откако ќе се направи анализа на состојбата што е опфатено со Програмата, но може да се опфатат во анализата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | фолии). | | |
| 2. | Поддршка за добивање на ознаки за препознаен производ, а со тоа пласман за истите. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Марица Николовска | НЕ<br><br>ама да влезе  како сотавен дел на анализата |
| 3 | Изградба на трговски центар<br><br>-предлог : Outlet со познати брендови. | Јавни дејности – Михаела Јанковска | НЕ<br><br>одлична идеја, се однесува за приватни компании, ама да се види со урбанизам околу начинот и постапката  за локации |
| 4. | Субвенционирање на процесот на сертифицирање на органското производство на индивидуалните земјоделци. | Комунални дејности- Жаклина Цветковска | НЕ<br><br>го има во предлог програмата за анализа но може  во иднина како втора фаза по правење на детална анализа |
| 5 | Субвенции за процесот на органско производство. | Комунални дејности- Жаклина Цветковска | НЕ<br><br>го има во предлог програмата за анализа но може  во иднина како втора фаза по правење на детална анализа |
| 6 | Реконструкција и адаптација на Манастирскиот Ан за продажба и промоција на локални производи-проектот би се реализирал како јавно-приватно партнерство. | Култура- Мира Ѓоргиевска | НЕ<br><br>Манастирски Ан е сопственост на НУ ЦК, доколку се обезбедат средства од донатори или министерства општината може да учествува како партнер |
| 7 | Програма за поддршка за преадаптација на стари куќи во сместувачки капацитети. | Култура- Мира Ѓоргиевска | НЕ<br><br>за оваа година<br><br>ама може за наредна година како напредна фаза кога ќе се створат услови / како равзојна програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8** | Субвенционирање на туристички агенции од странски земји. | Економски развој – Јорданчо Миневски | НЕ<br><br>за оваа година<br><br>ама може за наредна година како напредна фаза кога ќе се створат услови / како равзојна програма |

## 9. Предлози по Програмата за култура во Општина Крива Паланка за 2024 година

| | **Предлози од граѓаните** | **Работна маса и презентер** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ)** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Информираност за културни настани да биде благовремено-навремено од центар за култура. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Марица Николовска | НЕ<br><br>Не е во наша надлжност но вреди да се подржи на некој начин НУЦ |
| **2** | Еднаш неделно граѓаните да следат филм, театарска претстава | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Марица Николовска | НЕ<br><br>Не е во наша надлжност но преку НУЦК согласно нивната програма и приоритети би можело, но треба да се види со НУЦК |
| **3.** | Отварање младински културен центар. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Марица Николовска | НЕ |
| **4.** | Фествал на младинска алтернативна-независна културна сцена. | Комунални дејности – Жаклина Цветковска | НЕ<br><br>има доволно фестивали / нека иницираат сами ќе ги поддржиме |
| **5.** | Младински креативен центар. | Комунални дејности – Жаклина Цветковска | **НЕ** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **6.** | Фонд или програма за инвестиции во центарот за култура за системско решавање на проблемот со организирање настани на отворено. | Култура – Мира Ѓоргивска | НЕ<br><br>да се предложи што и како конкретно |
| **7.** | Набавка на возило за транспорт. | Култура – Мира Ѓоргивска | НЕ<br><br>надлежност на Мин за култура<br><br>ако се мисли за ЛУГМ може да се размисли со позајмување |
| **8.** | Опрема за озвучување. | Култура – Мира Ѓоргивска | НЕ<br><br>мислам дека имаме доволно |
| **9.** | Објава на програмата на Tripadvisor. | Економски развој – Јорданчо Миневски | **ДА** |

## 10. Предлози по Програмата за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2024 година

| | **Предлози од граѓаните** | **Работна маса и презентер** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – ( (ДА/НЕ)** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Уредување-поврзување на ул. Македонска со Лилаков Мост (Трновска маала). | Комунални дејности– Жаклина Цветковска | НЕ<br><br>Надлежност на ЈП ДП магистрален пат |
| **2.** | Изградба на капела на старите градски гробишта. | Економски развој – Снежа Костовска | НЕ<br><br>Но вреди да се размисли и работи на предлогот во иднина.<br><br>Треба проектна документација па потоа, дали е предвидено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | со ДУП<br><br>/ |

**11. Предлози по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година**

| | Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|
| 1 | Техничка документација - Поставување на соодветен пристап на клучката од 4-те згради во населба Бавчалк кон мостот со 5-те згради од спротивната страна на реката и мостот Бегови бавчи кон пролетер, пешачкиот мост кај гимназијата. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Наташа Колевска | НЕ<br><br>Се дел од приоритетите на општината но потребна е изработка на техничка документација |
| 2 | Изградба на пат кон с.Дренак , во функција на туристичкиот развој. | Комунални дејности –Жаклина Цветковска | **НЕ**<br><br>Голема инвестиција, ќе се планира во иднина<br><br>Нема техничка документација |
| 3 | Поврзување со Злетовица. | Комунални дејности –Жаклина Цветковска | **Не**<br><br>Голема инвестиција, ќе се планира во иднина<br><br>Нема техничка документација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Иницијатива и подршка на општината за санирање на свлечиште на регионалниот пат за с.Огут во Населба Домачки Дол. | Економски развој – Ратка Ристовска | НЕ<br><br>Но ќе се прати иницијативата до ЈП ДП, веќе е пратена и пак ќе се види општинат аќе настојува во координациј асо ЈП ДП да се реши проблемот. |
| **5** | Крстов Дол 1,5 km локален пат. | Општинска администрација – Бранко Велиновски | НЕ<br><br>Се планира одржување<br><br>Нема документација<br><br>Ќе се планира во проектирање |
| **6** | Улица покрај Дурачка Река (од НУЦК до Маневци).-НЕ<br><br>1-ва фаза регулација на корито | Општинска администрација – Бранко Велиновски | НЕ<br><br>Се врши доработка на проектот и се докомплетира и се планира ако се обезбедат средства<br><br>1ва фаза – регулација на коритото.<br><br>проектирање |

## 12. Предлози по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2024 година

| | **Предлози од граѓаните** | **Работна маса и презентер** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ)** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Замена на одводните цевки во станбените заедници- колективни згради. | Економски развој – Мира Николовска | НЕ<br><br>Приватен имот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | . | | |
| **2.** | Технолошка вода (Станечка река). | Општинска администрација – Антонио Давитковски | НЕ<br><br>Системот е направен но се користи, при потреба<br><br>Нема мрежа како идеја е добро да се размисли но треба мрежа |
| **3.** | Санација на селски водоводи, | Општинска администрација – Антонио Давитковски | НЕ<br><br>Проблем од правен аспект |
| **4.** | Фекална канализација за с. Жидилово. | Општинска администрација – Антонио Давитковски | НЕ<br><br>Нема техничка документација ќе се планира во иднина |
| **5.** | Фотоволтаици на пумпи за вода. | Општинска администрација – Антонио Давитковски | НЕ<br><br>Треба да се размисли и дали е технички изводливо |
| **6.** | Поврзување на Манастир со Градски водовод. | Општинска администрација – Антонио Давитковски | Не<br><br>Нема потреба манастирот има сосптвени извори кои задоволуваат засега |

**<u>13. Предлози по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавно осветлување во Општина Крива Паланка за 2024 година</u>**

| | **Предлози од граѓаните** | **Работна маса и презентер** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ)** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Предлог за инсталирање на | | НЕ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | фотоволтаична централа за потребите на уличното осветлување кое со продолженото плаќање може да се отплати и за неколку години- да имаме улично осветлување кое само ќе се отплати. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Зоран Станковски | Технички и финансиски неоправдано |
| **2.** | Поставување на фотоволтаични светилки во рурални населби каде нема јавно осветлување. | Култура– Сашко Додевски | НЕ<br><br>Треба да се разгледа технички дали е можно треба да се изработи физибилити студија |
| **3.** | С-МЕТЕРИНГ. | Општинска администрација – Антонио Давитковски | НЕ<br><br>Доколку се обезбедат донаторски средства ќе се реализира |